# ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО ЗА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на проектот:

„Зголемување на пристапот и учество на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот „ Зголемување на пристапот и учество на учениците Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“, финансиран од Европската Унија (ЕУ) и Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), објавува ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИ ЗА ПРАКТИКАНСТВО ЗА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ.

Пријавените и селектирани лица ќе имаат можност да посетуваат ПРАКТИКАНСТВО во одредена организација, со што ќе се стекнат со практични знаења, вештини и способности.

## Опис на активноста:

Ромаверзитас преку потпишување на меморандум за соработка ќе оствари соработка со повеќе правни лица кои работат и функционираат на територијата на Република Северна Македонија со цел спроведување на активноста ПРАКТИКАНСТВО за средношколци.

Практиканството е предвидено да биде со времетраење до 3 месеци и истото ќе биде финансиски покриено со месечен хонорар од 125 евра (бруто) за практикантите на кои институцијата ќе им додели ментор со кој ќе работат.

## Цели на активноста:

- Да им помогне на учесниците да се стекнат практични знаења, вештини и способности во одредена област;
- Да се здобијат со знаења кои денес се неопходни при аплицирање на било кое работно место;
- Во иднина да станат поконкурентни на постоечкиот пазар на труд во државата и странство
- Да ги поттикне, мотивира, охрабри и стимулира учениците да се залагаат за професионално надоградување и стекнување на вештини кои се неопходни за настап на пазарот на труд.

## Услови за учество:

- Да се средношколци Роми запишани во јавните или приватните средни училишта во Република Северна Македонија;
- Да се во можност да присуствуваат на планираните работни часови (4-6 часа);
- Предност имаат учениците чија што образовна струка најсоодветно одговара за

практиканството поврзано во дадената организација

**Потребни документи и начин за пријавување:**

- Пополнета Пријава (линк)

**Селекција на кандидати:**

- Селекцијата на кандидатите ќе ја изврши комисијата за селекција составена во рамките на проектот
- Комисијата го задржува правото по пополнување на местата за учесници кои ги исполнуваат условите за активноста Практиканство да го затвори повикот, по принципот „прв дојден - прв услужен“

**Контакт:** Кристијан Ангелков
мобилен: 071/37-97-99
меил: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk